Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 69, 1 ноември 2011 година

ноември 2011 година
Штип

## СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/ специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област теорија на новинарството и системи за информирање на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања во наставно-научната област производно машинство, технологии и системи на Машинскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област епидемиологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 16

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област офталмологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебникот „Методи на испитување во минералната технологија” од проф. д-р Мирјана Голомеова и проф. д-р Благој Голомеов, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 39

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Минерални ресурси 2” од проф. д-р Тодор Серафимовски, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 43

**РЕЦЕНЗИЈА** на учебникот „Хигиена со медицинска екологија“ од проф. д-р Михаил Кочубовски и науч. сор. д-р Владимир Кендровски, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Мерење и мерни инструменти“ од д-р Братица Темелкоска, доцент на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 49

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕОРИЈА НА НОВИНАРСТВОТО И СИСТЕМИ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ПРВНИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, на седницата одржана на 7 септември 2011 година, донесе Одлука (бр.1602-122/6 од 7 септември 2011 година) за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање ***доцент*** за наставно-научна област ***теорија на новинарството и системи за информирање*** на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

– доцент д-р Љупчо Сотироски (претседател),
– вонреден проф. д-р Јован Ананиев (член),
– доцент д-р Јадранка Денкова (член).

По разгледување на приложените материјали, пријавата и доставените материјали, согласно со Законот за високото образование и актите на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Комисијата го изготви следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс, објавен во весниците „Дневник” и „Лајм” на 18 август 2011 година, за избор на наставник за областа теорија на новинарството и системи за информирање на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип се пријави кандидатката д-р Јорданка Галева, доктор на науки по меѓународна соработка и политики за одржлив развој.

Врз основа на чл. 142 од Законот за високото образование и чл. 131 од Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, Рецензентската комисија ги разгледа пријавата и доставените трудови и го констатира дека д-р Јорданка Галева уредно и навремено ги достави следниве документи: 1. список на објавени научни и стручни трудови; 2. наставно-образовна и научно-истражувачка активност; 3. пријава; 4. универзитетска диплома за доктор на науки по меѓународна соработка и политики за одржлив развој (три примероци копии заверени на нотар и оригинал); 5. кратка биографија (CV); 6. потврда (диплома) за познавање странски јазик; 7. уверение за државјанство.

Д-р Јорданка Галева во целост ги исполнува условите според објавениот Конкурс.

Комисијата детално ја проучи пријавата на кандидатката и ја утврди следнава состојба.

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Јорданка Галева** е родена на 7 јули 1977 година во Скопје. Средното образование го завршува во Економско-правното училиште „Васил Антевски Дрен“, стекнувајќи се со титулата правен техничар од четврти степен. Во учебната 1995/1996 година се запишува на Факултетот за политички науки “Roberto Ruffilli” во Форли, на Универзитетот во Болоња (Италија), како четиригодишен стипендист на истите студии. Во 2004 година дипломира на насоката Меѓународна политика, одбранувајќи ја дипломската работа на тема *„Меѓународната дипломатија и македонското прашање во периодот помеѓу Виенскиот конгрес 1814-1815 и балканските војни 1912-1913“*. Со завршувањето на додипломските студии се стекнува со диплома по политички науки, дипломиран политиколог. Истата диплома е еквивалентна на специјалистичките дипломи од класа 60/С и на магистерските дипломи од класа ЛМ-52 при Универзитетот во Болоња, со кои се стекнуваат 300 кредити. Оттука, според Министерскиот декрет од 9 јули 2009 г. на Република Италија, со кој се уредува горенаведената еквивалеција и според

Министерскиот декрет 270/04, дипломираната се стекнува со академска титула магистер, која од страна на Министерството за образование и наука е нострифицирана како титула **магистер по политикологија**.

Во учебната 2004/2005 година, д-р Јорданка Галева се запишува на постдипломските студии по економија на кооперација на Економскиот факултет при Универзитетот во Болоња (Италија).

Во периодот помеѓу јуни и септември 2005 година, д-р Јорданка Галева стажира како стипендист на Fondcoop од Рим, во Поледелската кооператива Apofruit Italia во Чезена (Италија), каде што се стекнува со практично знаење од областа на задругите и задругарството.

Во октомври истата година д-р Јорданка Галева ја брани магистерската теза на тема *„Земјоделската кооператива како социоекономски субјект (Апофрут Италија)“*, со највисока оценка 30 од 30. Со завршувањето на постдипломските студии се стекнува со 65 универзитетски кредити и со диплома на универзитетски мастер, која од страна на Министерството за образование и наука на Република Македонија е нострифицирана како диплома од втор степен на магистерски студии со кој се стекнува титула магистер по економија на кооперација.

Во учебната 2005/2006 година д-р Јорданка Галева се запишува на интердисциплинарните докторски студии по меѓународна соработка и политики за одржлив развој при Универзитетот во Болоња.

На 8 ноември 2010 година д-р Јорданка Галева ја брани докторската дисертација (под менторство на проф. Стефано Бианкини од Универзитетот во Болоња и пред други два члена од Факултетот за политички науки при Универзитетот во Сиена, Италија и Факултетот за општествени и социјални науки при Универзитетот „Жан Моне“ во Париз, Франција). Докторската теза на тема *„Импактот на европските политики и програми врз развојот на мултикултуралното општество и врз социјалниот статус на малцинските заедници во Македонија“* ја одбранила со најдобар успех и позитивна оцена, стекнувајќи се со титулата **доктор на науки по меѓународна соработка и политики за одржлив развој**.

Д-р Јорданка Галева се служи со италијанскиот, англискиот, јужнословенската група на јазици, а има и основно познавање на францускиот и шпанскиот јазик.

***Наставно-образовна дејност***

Од август 2006 година, д-р Јорданка Галева е вклучена во наставно-научниот процес како Returning Scholar на студиите по политички науки при Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје во рамките на програмата Academic Fellowship Program и поддржано од Open Society Institute во Будимпешта, Унгарија.

***Интеркултурални наставни активности, јазично медијаторство и социјална интеграција***

Во периодот од 2001 до 2010 година, кандидатката ги извршува следниве активности:

јазичен преведувач и медијатор по македонски, италијански и српско-хрватски во Форли (Италија), за потребите на Кооперативата за социолошко и културолошко медијаторство *Sesamo, за* регионалните органи на Министерството за внатрешни работи на Италија и Јавното правобранителство и обвинителство во Форли, за издавачките куќи на Меѓународниот саем за книга во Болоња, како и на бизнис форумите на македонски и италијански фирми, организиран од Италијанскиот институт за надворешна трговија ICE во Милано, бизнис форумот на бугарски и италијански фирми во Форли, организирано од Стопанската комора на Форли и за потребите на Zanetti Segafredo во Болоња и Romano Group во Римини.

Во периодот од 2001 до 2004 година кандидатката е јазичен медијатор за социјална и интеркултурална интеграција во Италија за потребите на „Centro Donna“ во Форли и во основните училишта: „Gianni Rodari“, „Zangheri” и „Dante Alighieri” во Форли и „Don Facibeni“ во Санта Софија.

Во периодот јуни-септември 2005 година, кандидатката извршува Internship во Секторот за маркетинг и трговија во Земјоделската кооператива “Apofruit Italia” - Чезена (Италија), во рамките на магистерските студии по економија на кооперација.

Во периодот ноември 2004 - март 2005 година, кандидатката извршува Internship во Секторот за меѓународна соработка при Instituto per l’Europa Centro – Orientale e Balacanica во Форли (Италија), во рамките на професионалниот курс SWITCH, поддржан од Европскиот социјален фонд и во организација на ENAIP, Форли (Италија).

***Објавени научни и презентирани стручни трудови***

Д-р Јорданка Галева е автор на неколку трудови од кои дел се веќе објавени, а некои се во процес на објавување:

– Дипломска работа, Jordanka Galeva, *La Diplomazia Internazionale e la Questione Macedone nel Periodo tra il Congresso di Vienna (1814 - 1815) e le Guerre Balcaniche (1912 - 1913)*. Alma Mater Studiorum, Università di Bologna, 2003-2004. (Меѓународната дипломатија и македонското прашање во периодот помеѓу Виенскиот конгрес 1814-1815 и балканските војни 1912-1913). Одбранета дипломска работа на Факултетот за политички науки во Форли при Универзитетот во Болоња во јули 2004 година (во процес на преведување и издавање, како посебно монографско дело);
– Магистерски труд, Jordanka Galeva, *La cooperativa agricola come soggetto socio - economico (Apofruit Italia)*. (Земјоделската кооператива како социоекономски субјект/ Апофруит Италија). Одбранет магистерски труд на Економскиот факултет при Универзитетот во Болоња, во јули 2005 година;
– *A cooperative as a promoter for Sustainable development in agricultural sector in Macedonia,* Course C. Трудот е презентиран на12 CEI International summer school of Cervia, „Beyond enlargement. The wider Europe and the new neighborhood” во Червија (Италија), во септември 2006 година;
– *The impact of EU policies on development of Macedonia (minority question and development in Macedonia)*. Трудот е презентиран на Cross-Regional Discipline Meeting of AFP Fellows, Political Science and International Relations, организиран од Open Society Institute во Истанбул (Турција), во октомври 2009 година;
– *Political participation of minority communities in Macedonia after implementation of the Ohrid Framework Agreement*. Трудот е презентиран на Cross-Regional Discipline Meeting of AFP Fellows, Political Science and International Relations, организирано од Open Society Institute во Анталија (Турција), во октомври 2010 година;
– Докторска теза, Jordanka Galeva, *L’impatto delle politiche europee sullo sviluppo della società multiculturale e sullo status sociale delle comunità minoritarie in Repubblica di Macedonia* (Импактот на европските политики и програми врз развојот на мултикултуралното општество и врз социјалниот статус на малцинските заедници во Македонија). Одбранета докторска теза на Универзитетот во Болоња во ноември 2010 година (во процес на преведување и издавање како монографско дело);
– Јорданка Галева, *Мултикултуралното транзиционо општество како предизвик за образовната политика и развој на човечки капитал во Република Македонија*, во Предизвици на образовната политика, Политичка мисла, година 9, број 33, Скопје: Konrad Adenauer Stiftung / Институт за демократија „Societas civils“, март 2011 година;
– *Изучување на македонскиот јазик од учениците од немнозинските заедници*, во Охридски рамковен договор, студии на случај, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Скопје, август 2011 година.

***Учество на обука, курсеви, конференции, работилници и трудови***

Август 2011 година - *Изучување на македонскиот јазик од учениците од немнозинските заедници*, во Охридски рамковен договор, студии на случај, Македонскиот центар за меѓународна соработка, Скопје, август 2011 година.

Март 2011 година - *Мултикултуралното транзиционо општество како предизвик за образовната политика и развој на човечки капитал во Република Македонија*, во Предизвици на образовната политика, Политичка мисла, година 9, број 33, март 2011 година;

2007-2010 година - Учество на „Cross-Regional Discipline Meeting of AFP Fellows in Political Science, International Relations and Journalism" - Open Society Institute, Higher Education Support Program, со презентација на следниве трудови:

**Октомври 2010 година, Анталија, Турција**
- „*Political participation of minority communities in Macedonia after implementation of the Ohrid Framework Agreement*";

**Октомври 2009 година, Истанбул, Турција**
- *„The impact of EU policies on development of Macedonia (minority question and development in Macedonia)";*

**Март 2009 година, Истанбул, Турција**
- „*Role of the European Union in Democratic Consolidation and Ethnic Conflict Management in the Republic of Macedonia"* (заедничка презентација);

**Март 2008 година, Истанбул, Турција**
- Презентација на силабус програмата на предметот *Common Foreign and Security Policy of the European Union* од втор циклус на студии;

**Март 2007 година, Истанбул, Турција**
- Презентација на силабус програмата на предметот *Introduction to political science* од прв циклус на студии;

**Март 2007 година, Истанбул, Турција**
- International Workshop - Course Design, Student Assessment and Teaching Methods;

**Ноември 2007 година, Скопје**
- International Workshop на тема „Конституционална реконструкција на постконфликтните општества" во рамките на Alternativ Academic Agenda, организирано од политичките студии при Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, поддржана од Фондацијата Heinrich Boll;

**Ноември 2006 година, Белград, Србија**
- International Workshop, во рамките на проектот Alternativ Academic Agenda, организиран од Факултетот за политички науки во Белград и поддржана од Фондацијата Heinrich Boll;

**Септември 2006 година, Червиа, Италија**
- 12-та International Summer School „Beyond enlargement. The wider Europe and the new neighborhood" организирана од Instituto per l'Europa Centro – Orientale e Balacanica и Универзитетот во Болоња;

Семинарски труд „*A cooperative as a promoter for Sustainable development in agricultural sector in Macedonia*" (6 кредити);

**Октомври - ноември 2005 година, Форли, Италија**
- Обука за автономна работа, специјализиран курс за претприемачи, организирана од ECIPAR и CNA и поддржана од European Social Fund;

**Октомври 2004 година, Форли, Италија**
- Специјализиран курс за насочување и работно искуство за невработени жени, организиран од ENAIP и поддржан од European Social Fund;

**Јули 1999 година, Холандија**

– Меѓународна летна школа „Human rights", организирана од The Leiden Law School, Universiteit Leiden, Nederlands.

**Истражувачки маркетинг активности**

Во септември 2000 година кандидатката учествува како истражувач во Research Company International во Милано.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на горенаведените податоци и констатации, Рецензентската комисија ги дава следниве оценки за кандидатката д-р Јорданка Галева.

Д-р Јорданка Галева успешно се развива во областите економија на коорпорација и политикологија, степени на високо образование стекнати на Факултетот за политички науки „Roberto Ruffilli" во Форли и Економскиот факултет при Универзитетот во Болоња (Италија).

Научните и стручни трудови кандидатката ги напишала од областа на политичките и економските науки. Од трудовите се гледа дека кандидатката умешно ги користи добиените знаења од областа на политичките науки за проучување на појави и настани во сферата на политиката и сферата на економијата на коорпорација.

Кандидатката покажува особен интерес за научните проекти и активности од областа на политичките науки, јазичното медијаторство и социјалната и интеркултурната интеграција, вклучувајќи ги и истражувачките маркетинг активности.

Д-р Јорданка Галева покажува особен интерс како предавач - повратник од странство во областа на политичките студии и била вклучена во наставно-научниот процес и притоа стекнува практични академски вештини.

Врз основа на горенаведените оценки, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката ги исполнува законските услови за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област теорија на новинарството и системи за информирање, бидејќи кандидатката има докторат од областа и одреден број научни и стручни трудови, а во исто време располага и со одредено академско искуство.

Согласно со горенаведеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, кандидатката **д-р Јорданка Галева да ја избере во наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област теорија на новинарството и системи за информирање на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доцент д-р Љупчо Сотироски (претседател), с.р.**
**Вонреден проф. д-р Јован Ананиев (член), с.р.**
**Доцент д-р Јадранка Денкова (член), с.р.**

# ПРИЛОГ

**Табела за вреднување на активностите на д-р Јорданка Галева, доцент, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **ВИД НА АКТИВНОСТ** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **НАСТАВНО - ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | | **20,97** | |
| Воведување нов специјален (стручен) наставен предмет | 1 | 3 | 3 |
| Воведување вежби по нов специјален (стручен) наставен предмет (преку елаборат) Развој и човекови права (2,5*0,2=0,5+1=1,5) | 1 | | 1,5 |
| Предавање (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) - во рамките на Academic Fellowship Programme, како Returning Scholar<br>Вовед во политикологија 2,5*1,5= 3,75 + 1 = 4,75<br>Современи политички теории 2,5*1,5= 3,75+ 1=4,75<br>Цивилно општество 1,75*1,5= 2.62+1=3,62 | 3 | 4,75 | 13,12 |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)<br>Вовед во политикологија 2,5*0,2= 0,5<br>Современи политички теории 2,5*0,2= 0,5<br>Цивилно општество 1,75*0,2= 0,35 | 3 | 0,5<br>0,5<br>0,35 | 1,35 |
| Одржани консултации на постдипломски студии по одржан курс *Common Foreign and Security Policy of the European Union* | 1 | 2 | 2 |
| Summer School “Human Rights”, The Leiden Law School, Universiteit Leiden, Nederlands, јули 1999 | 2 | 2 | 4 |
| „International Workshop“ | 2 | 2 | 4 |
| **ВКУПНО** | | | **28,97** |

| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | | **45** | |
|---|---|---|---|
| Труд со оргинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 2 | 9/6/3 | 6 |
| Учество на научен собир/конференција со реферат | 6 | 2 | 12 |
| Одбранета докторска теза | | 8 | 8 |
| Одбранета магистерска работа | | 4 | 4 |
| Одбранета дипломска (магистерска) работа | | 4 | 4 |
| Учесник во меѓународен научен проект | 1 | 3 | 3 |
| Учесник во регионален проект | 1 | 3 | 3 |
| Студиски престој во странство (1995-2010, Болоња) | | 8 | 8 |
| **ВКУПНО** | | | **45** |

| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ** | | **8,1** | |
|---|---|---|---|
| Учесник на научен проект Охридски рамковен договор | 1 | 8 | 8 |
| Елаборати и експертизи | 2 | 4 | 8 |
| Изготвување на извештаи од анализа на студија на случај во рамките на проектот Охридски рамковен договор | 1 | 0,1 | 0,1 |
| **ВКУПНО** | | | **8,1** |

| **Професионални референции на кандидатот за ибор во звање** | Поени |
|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | **20,97** |
| **Научноистражувачка дејност** | **45,00** |
| **Стручно - апликативна дејност** | **8,1** |
| **ВКУПНО:(НО+НИ+САОР)** | **85,07** |